Архивски број: 04-6906/2
Датум:
24-10-2024

ПРАВИЛНИК
ЗА ИЗМЕНА НА ДОПОЛНУВАЊЕ НА
ПРАВИЛНИКОТ ЗА ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА ВО
МИНИСТЕРСТВО ЗА СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА, ДЕМОГРАФИЈА И МЛАДИ

Скопје, октомври 2024 година


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Р. Македонија" бр. 27/14, 199/14 и 35/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.143/2019 и 14/2020) Министерот за социјална политика, демографија и млади на ден .09.2024 година, донесе

ПРАВИЛНИК
**за измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Министерство за социјална политика, демографија и млади**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за внатрешна организација во Министерство за труд и социјална политика бр.04-7280/2 од 26.08.2015 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-4231/1 од 06.06.2016 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-4850/1 од 04.07.2016 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.5168/2 од 15.07.2019 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.381/1 од 12.01.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-3647/2 од 04.05.2022 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-9258/2 од 29.12.2022 година и Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешна организација бр.04-2626/11 од 20.12.2023 година.

**Член 2**

Во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за труд и социјална политика, во насловот и во целиот текст на Правилникот називот „Министерство за труд и социјална политика“ се менува со називот „Министерство за социјална политика, демографија и млади“.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Сектор за управување со човечки ресурси -

**Член 3**

Во делот II. Вид и број на организациски единици, во член 6 став 1, СЕ БРИШЕ точка 16 Проектна единица за спроведување на Оперативната програма „Развој на човечките ресурси".

**Член 4**

Во делот II. Вид и број на организациски единици, во член 6 став 1, после точка 15. Управа за прашања на борците и воените инвалиди потточка 15.1 Сектор за боречка и инвалидска заштита, СЕ ДОДАВА нова организациона единица и гласи:

16. СЕКТОР ЗА МЛАДИ
- Одделение за младинска политика
- Одделение за истражување на области од интерес на младите – Истражувачки центар

**Член 5**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици член 25, СЕ БРИШЕ.

**Член 6**

Во делот III. Делокруг на работа на организациските единици после член 24 СЕ ДОДАВА нов член 25 и гласи:

„Член 25

**Секторот за млади** дејствува во функција на креирање и спроведување на младински политики и имплементација на мерки за ефективно управување со развојот на младите, оперативни активности за имплементирање на стратешките планови и приоритети, како и хоризонтална координација за имплементација на активностите и проектите од интерес на младите.

Во состав на Секторот за млади се формираат две одделенија.

**Одделението за младински политики** врши
- Подготовка на предлог мерки за прашања поврзани со подобрување на стандардот и вработеноста на младите;


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

- Подготовка на предлог мерки и активности за создавање услови за задржување на способните и талентираните млади, како и создавање услови за нивно враќање во државата;
- Подготовка на предлог критериуми за финансирање на програми кои што поттикнуваат и помагаат активности на младите и нивните здруженија и го следи нивното спроведување;
- Подготовка на предлог мерки за прашања поврзани со подобар психофизички развој на младите, превенција и борба против болестите на зависности, криминал и други социопатолошки појави кај младите;
- Подготовка на мислења за прашања од надлежност на одделението
- Донесува конкретни управни акти и издава реални акти од надлежност на Министерството согласно посебните закони и Законот за општата управна постапка
- Водење на Регистарот на младински организации

Во **Одделението за истражување на области од интерес на младите – Истражувачки центар** се извршуваат следните задачи и обврски:
- Утврдување на критериуми и индикатори за спроведување на истражувања за прашања поврзани со стандардот и условите на младите, можностите за вработување кај младите и трендот на миграции на младите;
- Подготовка на извештај од истражување со предлог мерки за прашања поврзани со подобрување на стандардот и вработеноста на младите;
- Подготовка на извештај од истражување со предлог мерки за создавање услови за задржување на способните и талентираните млади, како и создавање услови за нивно враќање во државата;
- Утврдување на критериуми и индикатори за спроведување на истражувања од област на унапредување на психофизичкиот развој на младите и превенција и борба против болестите на зависности, криминал и други социопатолошки појави кај младите
- Подготовка на извештај од истражување со предлог мерки за прашања за подобрување на психофизичкиот развој на младите, превенција и борба против болестите на зависности, криминал и други социопатолошки појави кај младите;
- Подготовка на мислења за прашања од надлежност на одделението
- Донесување на конкретни управни акти и издавање на реални акти од надлежност на Министерството согласно посебните закони и Законот за општата управна постапка.


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
"Dame Gruev" nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk

**Член 7**

Согласно извршените промени во Правилникот за внатрешна организација на Министерството за социјална политика, демографија и млади се прават промени и во работната карта (органограм).

**Член 8**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена согласност од Министерство за јавна администрација.

**Министер**
**Fatmir Limani**

Изработил:А.К.Ангеловска
Контролирал: Е.Печинска
Одобрил: М.Бичиклиска
Согласен: државен секретар Fatmir Sabriu


Министерство за труд и социјална политика на Република Северна Македонија
Ministria e Punës dhe Politikës Sociale e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Даме Груев“ бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
“Dame Gruev” nr. 14, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk